**Политика за ангажман со засегнати заедници во ЕВН**

Ја препознаваме важноста на заедниците засегнати од нашите деловни активности во смисла на корпоративната Директива за известување за одржливост (CSRD) и сме посветени на отворен и континуиран дијалог почитувајќи ги сите вклучени страни.

**Дефиниција**

Засегнатите заедници може да опфатат широк спектар на групи или поединци, особено:

→ Општини: тука се вклучени урбани или рурални заедници, соодветно градови или села што се, или би можеле да бидат, директно засегнати од нашите деловни активности.

→ Жители од соседството: тоа се поединци што живеат или организации што работат во близина на нашите погони или проекти и би можеле да бидат директно засегнати од нашите активности.

→ Граѓански иницијативи: тоа се организирани групи што изразуваат загриженост во однос на конкретни проекти.

→ Невладини организации (НВО): НВО можат да бидат активни на локално, национално или меѓународно ниво за различни прашања што се релевантни за нашите деловни практики, на пр. заштита на животната средина, човекови права или социјална правда.

→ Културни и социјални малцинства: овие групи може да имаат посебни грижи или потреби поради нивниот културен, етнички, верски или социјален идентитет.

Посветени сме на проактивен и конструктивен дијалог почитувајќи ги сите заедници засегнати од нашите деловни активности. Нашата цел е да ги минимизираме потенцијалните негативни влијанија и, секогаш кога е можно, да дадеме позитивен придонес за заедниците засегнати од нашите активности.

**Цели**

Свесни сме за влијанијата на нашите активности врз нашите засегнати страни и одговорноста кон заедниците погодени од нашите активности ја сфаќаме многу сериозно. Оваа политика е наменета да послужи како упатство за нашите напори за идентификување, оценување и управување со материјалните влијанија, ризици и можности поврзани со горенаведените лица и засегнати групи. Ги дефинира принципите и процесите што ја формираат основата за вклучување на засегнатите заедници во нашите деловни процеси. Нашата цел е не само да ги исполниме, туку – секогаш кога е можно – да ги надминеме законските барања.

Оваа политика ја нагласува нашата посветеност за постојано подобрување на соработката со директно и индиректно вклучени засегнати групи во согласност со Кодексот на однесување на ЕВН, Политиката за човекови права на ЕВН и сите поврзани правни регулативи и политики.

Оваа политика ги опфаќа и се применува на сите материјално одржливи деловни активности на ЕВН. При овие принципи на однесување и насоки за дејствување се концентрираме на темите што за време на годишното ажурирање на анализата на материјалноста се идентификувани како фокусни теми.

EVN

## Принципи на однесување

Нашиот ангажман со засегнатите заедници се заснова на следните принципи на однесување, кои важат за сите наши деловни активности.

→ Одговорност: Сите вработени се одговорни за спроведување транспарентен дијалог на еднакви основи, почитувајќи ги засегнатите заедници.

→ Усогласеност: Ние сме посветени на усогласеност со сите релевантни законски прописи и стандарди. Каде што е можно, работиме да ги надминеме задолжителните барања.

→ Внатрешни политики: Ние сме посветени на усогласеност со сите внатрешни политики и процеси, кои се однесуваат на нашата соработка со засегнатите заедници.

→ Активно управување: Ги документираме нашите активности за вклучување на засегнатите заедници и ги подобруваме овие активности во случај на недостатоци.

→ Континуирано подобрување: Нашата цел е постојано да ги подобруваме нашите практики и да наоѓаме иновативни решенија за да обезбедиме правично вклучување на засегнатите заедници.

## Приоритетни насоки за дејствување

Со цел да ги вклучиме засегнатите заедници сега и во иднина, ги дефиниравме следните насоки за дејствување:

→ Развој на компетенции: Спроведуваме обуки и работилници за зајакнување на свеста за разбирање на правата и на интересите на засегнатите заедници.

→ Поттикнување партнерства: Градиме партнерства со локални и со невладини организации и ги негуваме овие партнерства за подобро разбирање и поддршка на потребите и на интересите на засегнатите заедници.

→ Социјални инвестиции: Вршиме социјални инвестиции и спроведуваме заеднички развојни проекти што имаат позитивно влијание врз засегнатите заедници.

→ Процени на влијанието врз животната средина: Ние организираме процени на влијанието врз животната средина за да се идентификуваат и да се минимизираат потенцијалните негативни влијанија врз засегнатите заедници.

→ Мониторинг и евалуација: Ги следиме и ги оценуваме влијанијата на нашите деловни активности врз засегнатите заедници за да се спречат потенцијалните негативни ефекти во рана фаза и да се поддржат позитивните влијанија.

→ Усогласени механизми: Имплементираме лесно достапни и ефективни механизми за поплаки, за евидентирање и адресирање на загриженостите и поплаки на засегнатите заедници.

## Цели

Почнувајќи од финансиската 2024/25 година, ЕВН ќе постави најмалку три конкретни, мерливи, атрактивни, реални и времени (SMART) цели секоја година за подобрување на ситуацијата на засегнатите заедници.

## Одговорност

Управниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје го претставува највисокото раководно ниво кое е одговорно за спроведување на оваа политика.

**Управен Одбор на ЕВН Македонија АД, Скопје**